Национална групација за осигурување
АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА
Бр. 08-5792/2
12.10. 2021 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-1070/1
12.10. 2021 год
СКОПЈЕ

ОСИГУРУВАЧ: Национална групација за осигурување АД Осигурителна полиса Скопје,
Адреса: Бул.Климент Охридски бр.26 Скопје МБ: 5983681, претставувано од Одговорно лице: Генерален Директор: Владимир Тошевски од една страна и

ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија Скопје,
Адреса: Ул.Водњанска бр.17 Скопје, претставувано од Директор:
Мед.Директор: Доц.Др. Иван Барбов и ВД.Орг.Директор: Аљајдин Хавзиу
( во понатамошниот текс договорувач на осигурување) од друга страна

На ден _____________2021 година склучија:

ДОГОВОР

за јавна набавка на услуги – **Осигурување на општа и професионална одговорност на лекари**

Оглас **16228/2021**

II ДЕФИНИЦИИ

Член 1

Одделни поими и изрази употребени со овој договор имаат значење согласно Законот за јавни набавки и неговите измени и дополнување (Сл.весник на РМ бр.24/19 ).

III ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Предмет на договорот е јавна набавка за **Осигурување на општа и професионална одговорност на лекари** на ЈЗУ УК за неврологија Скопје за период од 1(една) година.

Јавната набавка за осигурувањето е неделива и опфаќа:

А. Предмет на осигурување е професионална одговорност на здравствени работници-лекари (лекарска грешка) - несовесна и нестручна постапка или пропуст на лекарот при пружање на здравствените услуги (лекување), направени спротивно на актуелните прописи и стандарди на медицинската струка која за директна последица има влошување на здравјето, телесна повреда или смрт на пациентот.
Осигурување од професионална одговорност на **32** здравствени работници(лекари специјалисти), со осигурително покритие од 100.000,00 евра годишен агрегат во денарска противвредност, односно 20.000,00 евра во денарска противвредност по штетен настан.

Б. Осигурување од општа одговорност на Клиниката со осигурително покритие од 20.000,00 евра годишен агрегат во денарска противвредност.

Член 3

Договорувачот на осигурувањето осигурува кај Осигурувачот имот наведени во Тендерската документација согласно долунаведените Општи и Посебни (Дополнителни) услови за осигурување и меродавните премиски стапки на осигурување кај осигурувачот.